Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: Македонски центар за меѓународна соработка

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 4878256

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Никола Парапунов 41А, Поштенски факс 55, 1060, Скопје

Застапник: Александар Кржаловски, директор

Веб страница: www.mcms.mk

Електронска пошта (e-mail): mcms@mcms.mk

Телефонски број за контакт: 072 248 476

Лице за контакт: Валентина Величковска

**Предлог- иницијатива**

**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година**

**Наслов на иницијативата:** **Дом на граѓанските организации**

**Стратешки приоритет:** (поврзаност со стратешки приоритет на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 https://vlada.mk/strateshki-prioriteti?ln=mk)

Стратешка приоритет: Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија

VI. Права и слободи – Поддршка на граѓанскиот сектор

**НППА:** (поврзаност со пристапни партнерства и соодветна идентификација на поглавје и подрачје https://mep.gov.mk/mk-MK/eu-integracii/nacionalnata-programa-za-usvojuvanje-na-pravoto-na-eu)

Согласно на НППА 2021-2025: 1. Политички критериуми / 1.1. Демократија / Граѓанско општество

Среднорочен приоритет: Ќе продолжи обезбедувањето средина за развој и унапредување на граѓанскиот сектор, преку континуирано спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор со Акциски план за периодот 2022-2024.

**Образложение:** (опис на состојбите, причини за проблемите кои се предмет на разгледување, цел на предлогот, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт)

Владината поддршка за граѓанските организации не подразбира само финансиска помош преку грантови туку и поддршка за обезбедување услови за нивно непречено работење. Финансиската оддржливост претставува проблем за најголемиот дел од граѓанските организации, ограничнувајќи ги нивните можности да обезбедат физички простор каде што тие можат да работат, да спроведуваат настани, да се вмрежуваат и активно да делуваат.

Анализите покажуваат дека во сопственост на државата има простории и цели објекти кои не се користат, не се одржуваат и се оставени на забот на времето.

**Предлогот ни е Владата да обезбеди простор/ии во државна сопственост на користење на граѓанските организации, вклучително и за отворање на Дом на граѓанските организации**. **Предлагаме јавно-приватно или друга соодветна форма на партнерство меѓу државата и граѓанскиот сектор за управувањето со објектот кој што ќе биде отворен за сите граѓански организации**. Иницијативата до Владата за обезбедување на државен простор за отворање на Дом на граѓанските организации има за цел да создаде централно место каде што граѓанските организации и активистите би можеле да функционираат и соработуваат. Овој Дом би бил простор за работилници, состаноци, обуки, промоции, претстави, презентации и други активности од интерес за граѓанското општество и граѓаните. Иницијативата повикува Владата да додели државен простор (особено кој сега не е во функција или е далеку од ефикасна искористеност) за оваа намена или повеќе различни објектите/локации за разни граѓански организации, со цел зајакнување на граѓанското општество, поттикнување на заеднички иницијативи, граѓанскиот активизам, кое што на долг рок ќе придонесе за подобар квалитет на живот на граѓаните.

Со доделување простор на граѓанските организации, Владата ќе покаже конкретна поддршка за нивната работа и улога во демократскиот процес. Овој чекор ќе ја зајакне соработката меѓу Владата и граѓанското општество но и соработката меѓу самите граѓански организации. Домот на граѓанските организации ќе овозможи простор каде различни организации ќе можат да се поврзат, да разменуваат искуства и работат на заеднички проекти, поттикнувајќи посилна соработка меѓу нив. **Овој простор ќе се користи и од Владата и органите на државна управа при организирање на консултативни и информативни средби со граѓанските организации или за други свои потреби во соработка со нив**. Со централизиран и достапен простор, повеќе различни организации и иницијативи, вклучувајќи помали и маргинализирани групи, ќе можат да се вклучат во општествените процеси. Домот може да служи и како хаб за иновации, каде организациите ќе развиваат нови идеи за општествени и политички прашања, што би резултирало со подобрени решенија и препораки за креаторите на политики.

Во тек е спроведување на проект финансиран од Европската унија "ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар-фаза 2" во чии рамки се обезбедува ваков простор за организациите како и друга поддршка за граѓанските организации со цел јакнење на граѓанското општество. Големата побарувачка и праксата на организирање два-три настани неделно во просек во последните две години покажа дека ваков простор навистина е потребен за организациите. Дополнително, праксата покажа дека и државни институции како

министерствата, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност исто така го користат просторот за организирање на консултации и други настани со граѓанските организации. Остварувањето на оваа наша иницијатива е одлична можност за **воспоставување партнерство меѓу Владата, Европската Унија и граѓанските организации за заедничко иницирање на Домот на граѓанските организации и гарантирање негова одржливост на долг рок**.

Дополнително, истиот простор би можел да се користи и како место за одржување на **Годишната конференција на граѓанските организаци**, предвидена во Програмата на Владата на Република Северна Македининија 2024-2028.

**Надлежен орган на државната управа:** (надлежно министерство за спроведување на иницијативата)

Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

**Очекувани влијанија:** (економски влијанија, социјални влијанија, влијанија врз животната средина, административни влијанија и трошоци)

Очекуваните резултати од оваа иницијативата може да бидат повеќекратни, како: зголемена доверба и соработка меѓу Владата и граѓанското општество, зголемена соработка меѓу граѓанските организации, зајакнати капацитети на граѓанските организации за справување со општествените и економските предизвици, поголемо општествено влијание бидејќи граѓанските организации ќе имаат подобри услови за планирање и спроведување на своите активности и подобри резултати од нивните проекти.

Важно влијание на овој простор ќе биде зголемената транспарентност и зголемената доверба во граѓанското општество. Домот на граѓанските организации ќе стане симбол на активното и организирано граѓанско учество. Со видливо и организирано место за активности на граѓанските организации, граѓаните ќе имаат подобар увид во нивната работа, што ќе помогне во зголемување на довербата во нив.

**Оваа иницијатива ќе резултира и со поефикасно користење на простор во државна сопственост.** Со оваа иницијатива, Владата ќе може да го искористи постоечкиот државен имот кој не е во функција во моментот, а организациите ќе добијат потребен простор за работа, што ќе го подобри општото користење на јавните ресурси. Многу државни простори се недоволно искористени или празни. Со доделување таков простор на граѓанските организации, ресурсите би биле искористени за општествена добробит.

**Финансиски импликации:** (доколку иницијативата има финансиски импликации, се наведува дали се обезбедени потребните средства и од кои извори)

Реални фискални импликации нема да имаа оваа иницијатива бидејќи ќе се користи државен простор кој во моментот не е искористен и не е во употреба. Реновирањето, адаптирањето и уредувањето на просторот како и покривање на режиските трошоци и трошоците за одржување на просторот може да бидат покриени од страна на проект(и) финансиран(и) од Европската Унија и други донатори. Секако доколку Владата така одлучи, може да се предвидат и буџетски средства за почетните реновирања (особено ако се работи за поголем(и) објект(и), со што би се придонело кон подобрување на соработката, зголемување на меѓусебната доверба (заедничко вложување) и ефекти.

**Прилози** (се наведува насловот и авторот, со линк до документот доколку е достапен електронски)

Ревизорски извештај на Државен завод за ревизија од извршената ревизија на успешност на тема „Управување со државниот имот“. Управување со државниот имот | Државен Завод за Ревизија (dzr.mk)

ВВл/АКр

03-144/2-2024

Потпис на застапникот

15.09.2025 година

---------------------------------

М.П.